**Одлука бр. 17**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 15.02.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за определување на критериуми за номинација на тенисери до 20 години за стекнување на статус спортист-спортска надеж за 2021/2022 година

### Член 1

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја изврши селекцијата за номинација на тенисери за стекнување на статусот спортист спортска надеж според следните критериуми:

1. Државни прваци 2020 и 2021 година и најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2020 година до датата на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РСМ за 2021 година
2. Државни прваци 2020 и 2021 година и Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на ТФСМ, на крајот од 2020 и моменталниот пласман на ранг листите 2021 година
3. Најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2020 година до датата на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РСМ за 2021 година
4. Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на ТФСМ, на крајот од 2020 и моменталниот пласман на ранг листите 2021 година

### Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.и се однесува за номинација на тенисери за стекнување на статус спортист спортска надеж за периодот 01.09.2021 до 30.06.2022 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 15.02.2021 година

Тениска федерација на Северна Македонија „Скопје"